| Неделна Тема | „Промените на природата во есен“ |
| --- | --- |
| **Содржина на денот** | „Препознај ме по мирис и вкус“- сензорна игра |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за нашето здравје и како да го сочуваме, одржување на личната хигиена и конзумирање на здрава храна . |
| **Активности** | Прошетка во непосредната околина и набљудување на природата. Разговарајте со децата за годишното време есен, промените на природата и плодовите на есента преку набљудување на слики со есенски плодови како и на свежо овошје: јаболки, круши, грозје и друго. Децата ги препознаваат, именуваат и опишуваат плодовите.<br>Потоа може да ја играте сензорната игра : „Препознај по мирис и вкус кое овошје сум“, каде децата со затворени очи вкусуваат парчиња од неколку овошја, и треба да погодуваат по мирис и вкус за кое овошје станува збор. Тоа ќе овозможи развивање на сетилото за мирис и вкус преку препознавање на мирисот и вкусот на различни овошја.<br>За оваа игра Ви се потребни разни овошја и марама. Откако добро ќе ги измиете и исецкате ставете ги во една чинија. Заврзете ги очите на детето со марамата и понудете му на детето да земе некое од овошјата. Детето треба да погоди ,откако ќе го мирисне и вкуси за кое овошје станува збор. Ако погоди следниот што ќе препознава сте Вие, ако не погоди повторува уште еднаш. Играта трае се додека детето не препознае најмалку три овошја.<br>На крај може да ја слушате заедно песната „Јаболче и крувче“ од Марија Додовска, „Златно славејче“ 2010. |